Архивски број: 08-63/8
02-12-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-63/1 од 13.01.2025 година поднесена од Македонско здружение на млади правници, со седиште на ул. "Донбас", бр. 14/1-6 во Скопје, во име на Билјана Глигорова од Прилеп со адреса на живеење на ул. "Димитар Поп Георгиев Беровски", бр. 42 во Прилеп, за дискриминација сторена од страна на Друштво за трговија, транспорт и угостителство "ЦРНА РЕКА ПЕТРОЛ" ДООЕЛ Кавадарци, со седиште на ул. "7ми септември", бр. 62 во Кавадарци, врз основа на здравствена состојба во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз лицето Билјана Глигорова од Прилеп врз основа на здравствена состојба во областа на работата и работните односи, сторена од страна на Друштво за трговија, транспорт и угостителство "ЦРНА РЕКА ПЕТРОЛ" ДООЕЛ Кавадарци.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: **"Комисијата"**) беше поднесена претставка бр. 08-63/1 од 13.01.2025 година, од страна на Македонското здружение на млади правници, со седиште на ул. "Донбас", бр. 14/1-6 во Скопје, во име на лицето Билјана Глигорова од Прилеп, за дискриминација извршена од страна на Друштво за трговија, транспорт и угостителство "ЦРНА РЕКА ПЕТРОЛ" ДООЕЛ Кавадарци (во понатамошниот текст: **"ДТТУ ЦРНА РЕКА ПЕТРОЛ – Кавадарци"**), а врз основа на здравствена состојба во областа на работата и работните односи.

Во претставката се наведува дека Билјана Глигорова засновала работен однос во ДТТУ "Црна Река Петрол" – Кавадарци, бензинска пумпа Прилеп, на 01.12.2021 година со договор за вработување на определено време во траење од 1 (еден) месец, на работно место – Шанкер. Договорот на подносителката ѝ бил континуирано продолжуван со анекси кон истиот кои ги потпишувала 2-3 пати годишно. Копија од договрите и анексите кои ги потпишувала, се наведува дека немала добиено. Покрај тоа што извршувала работни задачи на шанкер, по налог на работодавачот извршувала и работни задачи на келнер, чистење и хигиенско одржување на објектот, тоалетите, но точела и гориво на пумпите. Во моментот на засновање на работниот однос таа имала здравствени проблеми со `рбетот – имала утврдена "дископатија" за што бил известен работодавачот во моментот на засновање на работниот однос, а за чие

времетраење не користела боледување и работните задачи ги извршувала соодветно и професионално. Во меѓувреме, нејзината здравствена состојба се влошила па во период од 2021 година до 2024 година врз основа на извршена магнетна резонанца од страна на доктор специјалист била утврдена повреда и оштетување на нерв на десната нога од 90% поради стоење на работното место. На 26.11.2024 година била на преглед во ПЗУ "Жан Митрев" - Скопје каде и била утврдена "дискус хернија" и препишана соодветна терапија и дадени здравствени совети. На 27.11.2024 година Биљана Глигорова се јавила на работното место, но поради болки се обратила на лекарски преглед кога и било отворено боледување со почеток од 28.11.2024 година во траење до 04.12.2025 година. Според наводите во претставката, за ова телефонски го известила работодавачит истиот ден, а нејзиониот татко ги доставил документите. На 03.12.2024 година како резултат на извршен преглед и било продолжено боледувањето, а на 06.12.2024 година по пошта и пристигнало известување за престанок на работен однос заклучно со 02.12.2024 година – поради истек на времето за кое договорот бил склучен. Во периодот по 02.12.2024 година именуваната на интернет странаата на Агенцијата за вработување увидела дека работодавачот објавил оглас за работното место на кое таа работела и за уште едно работно место, но набрзо потоа огласот за шанкер бил тргнат од оваа интернет страна. По добиеното известување за престанокот на работниот однос, подносителката најнапред се обратила усно до Државниот инспекторат за труд, а по раговор со инспектор од овој инспекторат и било укажано да поднесе и писмена претставка. Во период од 16.12.2024 година до 20.12.2024 година на работното место на кое подносителката работела било вработено лице кое во минатото работело во компанијата, но работниот однос му престанал во септември 2024 година, а во наведениот период бил повторно вработен на работното место на именуваната. Оваа информација таа ја добила од поранешните колеги.

Крајно, во претставката се констатира дека работодавачот ДТТУ ЦРНА РЕКА ПЕТРОЛ ДООЕЛ Кавадарци го повредил правото на еднаквост и сторил директна дискриминација на начин што преку отстапување од воспоставената практика, не и го продолжил договорот за вработување на Биљана Глигорова само поради отвореното боледување и можноста од оперативен зафат, односно поради нејзината здравствена состојба што резултирало со ограничување на нејзиното право на работа па на тој начин различно била третирана во однос на останатите вработени кои немале здравствени состојби поради кои морало да се отвори боледување, односно да се направи оперативен зафат.

<u>Кон претставката беа доставени следните докази во фотокопие:</u>

- Известување бр. 09-551 од 26.12.2024 година од Државен инспекторат за труд,
- Преглед на регистрирани податоци во матична евиденција на Фонд на пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија од 05.12.2024 година,
- Известување бр. 0402-514 од ДТТИ ЦРНА РЕКА ПЕТРОЛ ДООЕЛ Кавадарци од 02.12.2024 година за престанок на работен однос,
- Одлука 0402-514 од 02.12.2024 година за раскинување на договор за вработување склучен на определено време од ДТТУ ЦРНА РЕКА ПЕТРОЛ ДООЕЛ Кавадарци,

- Слики од известување/оглас за вработување шанкерка/келнерка објавено на социјална мрежа Фејсбук на 04.12.2024 година и 10.12.2024 година,
- Претставка до Државен инспекторат за труд поднесена на 18.12.2024 година,
- Упат за специјалистички преглед бр. KXVZ93228 од 12.12.2024 година,
- Извештај за привремена спреченост за работа од 12.12.2024 година,
- Картон за лекување од ЈЗУ Општа болница сп проширена дејност – Прилеп бр. 8856,
- Извештај бр. KCIL93351 од ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп од 03.12.2024 година,
- Извештај за електромиографија на два екстремитети бр. FV1282509 од ПЗУ Клиничка Болница "Жан Митрев" – Скопје од 26.11.2024 година,
- Извештај од неврохируршки преглед бр. FV1282509 од ПЗУ Клиничка болница "Жан Митрев" - Скопје од 26.11.2024 година,
- Фактура бр, 63912/2024 од ПЗУ Клиничка болница "Жан Митрев" од 26.11.2024 година,
- Фактура бр. 63829/2024 од ПЗУ Клиничка болница "Жан Митрев" од 26.11.2024 година,
- Извештај за магнетна резонанца бр. 10091 од ПЗУ специјалистичка ординација по радиодијагностика "МЕД-ИКС ДИЈАГНОСТИКА" Скопје од 26.11.2024 година,
- Извештај од специјалист/супспецијалист бр. XF14602 од Специјална болница за ортопедија и трауматологија "Св. Еразмо" од 21.08.2018 година,
- Потврда за наплатено учество во цената на здравствените услуги бр, 2873218 од Специјална болница за ортопедија и трауматологија "Св. Еразмо" од 21.08.2024 година,
- Извештај од специјалист/субспецијалист бр. LG58305 од ЈЗУ Општа болница Прилеп од 10.09.2024 година,
- Извештај на специјалист/субспецијалист бр. IW5453 од ЈЗУ Општа болница Прилеп од 13.09.2018 година и
- Извештај бр. AX39546 од Општа болница со проширена дејнсот Прилеп од 21.11.2017 година.

На 23.01.2025 година Комисијата се обрати со Барање бр. 08-63/3 до ДТТУ ЦРНА РЕКА ПЕТРОЛ ДООЕЛ Кавадарци, заради добивање произнесување по наводи во претставка. По ова, на 31.01.2025 година доставено е произнесување од ДТТУ ЦРНА РЕКА ПЕТРОЛ ДООЕЛ Кавадарци преку законскиот застапник Лазар Мицев.

Во произнесувањето е наведено дека лицето во чие име е поднесена претставката, Билјана Глигорова од Прилеп била претходно вработена во ДТТУ Црна Река Петрол ДООЕЛ Кавадарци на работно место – шанкер, во подружница Бензинска пумпа - Прилеп. Наводите во претставката според кои подносителката извршувала работни задачи и за келнер, чистење и хигиенско одржување на објектот и тоалетите и точење гориво на пумпите според потенцијалниот дискриминатор биле неточни. Ова од причина што за ваквите работни задачи во посочениот објект, во секоја смена имало

вработено доволен број лица и за истото можеле да посведочат вработените на безниснката пумпа.

Во доставеното произнесување се наведува дека на 27.09.2024 година на подносителката и бил извршен Систематски здрвствен преглед врз основа на кој било изготвено мислење во кое не биле наведени патолошки состојби, ниту постоење на професионални болести и болести во врска со работата. Оценката на работната способност на подносителката била – способен за работа за да ги извршува работните задачи од нејзиното работно место.

Понатаму, по однос на наводите дека Билјана Глигорова имала утврдено повреда и оштетување на нерв на десната нога од 90% поради предолго стоење на работното место, работодавачот навел дека во ниту еден момент не бил известен од страна на именуваната дека имала потешкотии и дека извршувањето на работните задачи и предизвикувало проблем. Се наведува дека Билјана го известила својот претпоставен дека ќе оди на преглед на ден 26.11.2024 година, а по извршување на истиот од страна на претпоставената – раководителката на бензинската пумпа Бисера Миноска од Прилеп била прашана дали и било потребно боледување на што подносителката одговорил дека не е потребно и дека можела да доаѓа на работа.

Потенцијалниот дискриминатор посочува дека на 27.11.2024 година подносителката ја извршувала својата работа на нејзиното работно место без никакви пречки, нормално се движела без да пријави дека била со болки или потешкотии за што е понудено сведочење од вработени кои биле на смена во тој период како и снимки од видео надзор на објектот.

На 28.11.2024 година подносителката била известена усно од страна на раководителката на бензинската пумпа дека на видео снимка било регистрирано дека се служела со кражба на кафиња, односно носела нејзини кафиња за продажба на работното место. И за овој навод потенцијалниот дискриминатор нуди видео снимки како доказ и изјави на вработени кои наведеното го виделе. Поради ова, како се наведува во произнесувањето, раководителката ја известила Билјана, за да немало дополнителни проблеми или постапки, ниту од неа да се бара надомест на штета и водење на судска постапка, нејзиниот договор за вработување дека немало да биде продолжен. По ова се наведува дека Билјана преку трето лице – доставила Извештај за привремена спреченост за работа.

Потенцијалниот дискриминатор наведува дека раскинувањето на договорот за вработување на подносителката и нејзината здравствена состојба се поклопувале во дадениот момент, а како причина ја наведува незапознаеноста на работодавачот со сериозноста на нејзината здравствена состојба од причина што таа на работното место не дала до знаење дека имала потешкотии или болки при работењето, а воедно се открило и прекршувањето на работните задачи и обврски од страна на подносителката со кражба на кафиња.

Крајно, се наведува дека подносителката го нарушувала угледот на правното лице со тоа што јавно по медиуми и социјални мрежи собирајќи донации за нејзината здравствена состојба го споменувала името на компанијата. Во објавите тврдела дека била лице со телесна попреченост од 90%, со болки и пречки во движењето. Нејасно


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

наведуваат дека било како до моментот на непродолжување на договорот таа не го спомнувала здравствениот проблем и сериозноста на состојбата, туку откако било откриено нејзиното нечесно работење. Потенцијалниот дискриминатор воедно ја посочува констатацијата дека од увид во споделени фотографии на социјалните мрежи можело да се утврди дека подносителката се движела и излегувала без да биде евидентно дека се соочувала со сериозен здравствен проблем на кој таа посочува.
Кон произнесувањето баше доставен Извештај за извршен систематски здравствен преглед на Билјана Глигорова издаден од ПЗУ Поликлиника "ТОСПАШ" Скопје од 27.09.2024 година.

Со оглед на ваквите наводи во произнесувањето, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 05.03.2025 година достави Барање бр. 08-63/5 до ДТТУ Црна Река Петрол ДООЕЛ Кавадарци заради добивање на дополнителни податоци со кое побара своерачно потпишани изјави од вработени во друштвото – бензинска пумпа Прилеп со посочување дека особено потребна е изјава од лицето Бисера Миноска по однос на изнесеното во произнсувањето. Исто така, беше побарано да се достави информација дали против подносителката Билјана Глигорова од страна на правното лице била покрената постапка пред надлежен суд заради противправните дејствија кои ги сторила, а се наведени во произнсувањето.
На 12.03.2025 година на електронската адреса на Комисијата беше доставено дополнување од страна на ДТТУ Црна Река Петрол ДООЕЛ Кавадарци, заведено под бр. 08-63/6. Во дополнувањето е наведено дека против Билјана Глигорова немаат поведено постапка пред надлежен суд од причина што сметале дека на мирен начин ќе го разрешат спорното дејствие и немало да ја изложуваат на дополнителни трошоци и постапки. Приложено беа доставени повеќе своерачно потпишани изјави од повеќе вработен на бензинската пумпа во Прилеп, и тоа од Миле Игнатоски, Антонио Крајоски, Марјанчо Борисоски, Талија Богданическа, Вероника Тимошевска и од раководителката на бензиснската пумпа Бисера Миноска. Во поднесените изјави, лицата кои ги потпишале, а кои се на различни работни позиции на бензинската пумпа и кои работеле заедно со подносителката, наведуваат дека под полна морална и материјална одговорност изјавуваат дека Билјана Глигорова покрај нејзиното работно место шанкер немала други работни обврски наменети за друга работна позиција. Таа ги извршувала нејзините работни задачи и никогаш не се пожалила дека имала потешкотии во вршењето на нејзината работа или дека имала посериозна болест или пак болки при работењето.
Во изјавата доставена од Бисера Миноска именуваната наведува дека во ДТТУ Црна Река Петрол ДООЕЛ Кавадарци била вработена со Договр на неопределено време на работно место – раководител на бензинска пумпа. Под полна морална и материјална одговорност наведува дека Билјана Глигорова работела на Бензинската пумпа Прилеп околу 3 (три) години и ги извршувала работните задачи за работното место – шанкер. Наведува дека Билјана на 26.11.2024 година ја известила дека ќе оди на преглед по што раководителката ја прашала дали и било потребно боледување на што подносителката и одговорила дека нема да и биде потребно и дека можела да доаѓа на работа. На 27.11.2024 година Билјана на нејзиното работно место ја извршувала својата работа без

никакви пречки и нормално се движела и ги извршувала работните задачи и не пријавила дека била со болки или потешкоти за што посочува дека можеле да посведочат другите вработени. На 28.11.2024 година раководителката усно ја известила подносителката дека на видео снимка се гледало како се служела со кражба на кафиња, односно носела нејзини кафиња за продажба на работното место. Поради ова, наведува дека работодавачот донел одлука да не го продолжи договорот за вработување на подносителката, но дека од неа немало да бара надомет на штета или против неа да води судски постапки. На крај раководителката наведува дека откако ова и било соопштено, Билјана по извесно време преку трето лице доставила до работодавачот Извештај за привремена спреченост за работа.

**Врз основа на наводите во претставката, произнесувањето по истата, дополнително прибавените податоци и докази, се утврди следната фактичка состојба:**

Билјана Глигорова од Прилеп била вработена во ДТТУ Црна Река Петрол ДООЕЛ Кавадрци, бензинска пумпа – Прилеп со договр на определено време кој го склучила на 01.12.2021 година, а за времетраење од 1 (еден) месец. Договорот и бил продолжуван со анекси кон истиот кој ги склучувала 2, 3 пати во текот на годината. Во наведеното правно лице работела се до декември 2024 година кога истекло времето за кое бил склучен нејзиниот последен договор за вработување. Во ДТТУ Црна Река Петрол ДООЕЛ Кавадарци работела на работно место – шанкер. Од приложените докази е видно дека во ноември 2017 година од страна на доктор специјалист при Општа болница со проширена дејност Прилеп, на подносителката и била констатирана дијагноза – "Лумбаго", а видно од специјалистички извештај на специјалист неврохирург при Специјална болница за ортопедија и трауматологија "Св. Еразмо" – Охрид, во август 2018 година на подносителката и била утврдена дијагноза – "Заболувања на лумбален и друг интервертебрален диск со радикулопатија". Спротивно на ова, во Извештај за извршен систематски преглед од 27.09.2024 година, на кој подносителката била пратена од страна на работодавачот во ПЗУ Поликлиника "Тоспаш" – Скопје, во делот Патолошки состојби (дијагнози) и делот Препораки за работодавачот и податоци за постоење на професионални болести во врска со работата, не се забележани, односно не се наведени било какви податоци кои би укажале дека работничката се соочува со било какви состојби кои би можеле да значат отежнувачка околност при извршување на работните задачи, а со оглед на природата на работното место на кое работела и со кои работодавачот нужно би требало да биде запознат. Воедно, од своерачно потпишани изјави од други вработени на бензинската пумпа Прилеп може да се констатира дека Билјана Глигорова не извршувала други работни задачи освен оние кои произлегувале од нејзиното работно место, а воедно биле забележани и сериозни неправилности во извршување на работните задачи.

Врз основа на сето наведено, Комисијата утврди дека од страна на Друштвото за трговија, транспорт и угостителство Црна Река Петрол ДООЕЛ Кавадарци, бензинска пумпа – Прилеп не е извршена дискриминација врз основа на здравствена состојба кон подносителката Билјана Глигорова од Прилеп во областа на работата и работните односи. Наведеното од причина што во конкретниот случај престанокот на

работниот однос, односно непродолжувањето на договорот за вработување склучен на определено време се должело на несоодветниот начин на извршување на работни задачи од страна на подносителката, а не на нејзината здравствена состојба. Со оглед на ова не се исполнети елементите на битието на директна дискриминација онака како е таа дефинирана со член 8 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација според која "*Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*"

Врз основа на сето погоре, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Напомена: Мислењето е изготвено по истек на утврдениот рок со оглед на обемот на работа на Комисијата и расположливите ресурси.

Скопје,
28.11.2025 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:
- Македонско здружение на млади правници, ул. "Донбас", бр. 14/1-6, Скопје
  - За Билјана Глигорова од Прилеп
- Друштво за трговија, транспорт и угостителство ЦРНА РЕКА ПЕТРОЛ ДООЕЛ Кавадарци, ул. "7ми септември", бр. 62, Кавадарци
- Архива на КСЗД